Врз основа на член 58 став 2 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/2006, 24/2007, 103/2008 и 67/2010 ), член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија(„Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008 и 10/2010) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.07.2011 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за формирање Цивилно- воен комитет**

1. Со ова решение се формира Цивилно- воен комитет.

2. За координатор и членови на Цивилно- воениот комитет, се именуваат:

**а) за координатор**

- Николет Тагарински, извршен директор на Секторот за воздухопловна навигација во М-НАВ Акционерско друштво за давање услуги во воздухопловна навигација

**б) за членови**

- Марија Крстевска, раководител на Сектор за воздухопловство, во Министерството за транспорт и врски
- Маја Цветковска-Илијевска, раководител на Одделение за безбедност и воздухопловни стандарди, во Министерството за транспорт и врски
- полк. Валентин Ивановски, од Министерството за одбрана
- Елвин Ејуб, од Службата- Воено воздухопловен авторитет, од Министерството за одбрана
- Сашо Мојсоски- началник на Одделението за воздухопловен менаџмент во Централни полициски служби во Бирото за јавна безбедност, во Министерството за внатрешни работи

- Тоде Орешков, воздухопловен инспектор за лиценцирање на воздухопловен персонал во Одделението за воздухопловен персонал во Одделението за воздухопловен менаџмент во Централни полициски служби, во Бирото за јавна безбедност, во Министерството за внатрешни работи

- Драги Стојаноски, раководител на Сектор за безбедност и сигурност на воздушниот сообраќај, во Агенцијата за цивилно воздухопловство

- Драган Китановски, раководител на Одделението за дозволи и воздухопловна медицина во Агенцијата за цивилно воздухопловство

- Љубе Стаменковски, советник од Одд. RADARS, Сектор за воздухопловна техника, во М- НАВ АД за давање во воздухопловна навигација

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.51- 3557/1
30 јули 2011 година
С к о п ј е

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА**

**м-р Зоран Ставрески**